# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 104 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ број 7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОКУМЕНТОТ ЗА ПОТЕКЛОТО НА ПОРИБИТЕЛНИОТ МАТЕРИЈАЛ И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ИЗДАВАЊЕ И ПОПОЛНУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на документот за потеклото на порибителниот материјал и начинот на неговото издавање и пополнување.

## Член 2

Документот за потеклото на порибителниот материјал наменет за промет се издава на образец во А5 формат на лајмована индигирана хартија во бела боја.

Документот за потеклото на порибителниот материјал содржи:

- Натпис: “Пропратен лист за потеклото на порибителниот материјал наменет за промет”,

- реден број и датум на издавање,

- назив и седиште на репроцентар или рибник - испорачател,

- риболовна вода на која се наоѓа објектот за производство на порибителен материјал,

- број на решение за регистрација на репроцентар или дозвола за производство на порибителен материјал,

- ЕДБ на испорачател,

- име и презиме на физичкото, односно назив на правното лице - купувач,

- адреса на физичкото, односно седиште на правното лице - купувач,

- име и презиме на лицето кое врши транспорт,

- регистерска ознака на превозното средство,

- крајна дестинација на порибителниот материјал,

- дата и место на утовар,

- податоци за порибителниот материјал – вид, вкупна тежина, просечна тежина на едninка, просечна големина на единка, единечна цена по килограм и вкупна цена за пратката,

- место за потпис на испорачател, лице кое врши транспорт и купувач и

- место за печат.

**Член 3**

Документот за потеклото на порибителниот материјал се издава во три копии, од кои едната ја задржува испорачателот, втората лицето кое врши транспорт, а третата копија купувачот на порибителниот материјал.

За секој пратка на порибителен материјал се пополнува документот за потекло на порибителниот материјал.

Испорачателот на порибителниот материјал го пополнува документот за потекло на порибителниот материјал пред почетокот на транспортот.

Трите примерока од документот за потеклото на порибителниот материјал ги потпишуваат испорачателот и лицето кое врши транспорт.

Едниот примерок останува за испорачателот, а двата примерока ја придружуваат пратката и се потпишуваат од страна на купувачот по извршената достава на порибителниот материјал во рибник или на риболовна вода.

Формата со содржината на документот за потеклото на порибителниот материјал е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-7950/1 Министер за земјоделство,

9 август 2010 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

## Документ за потеклото на порибителниот материјал наменет за промет

| | |
|---|---|
| РЕДЕН БРОЈ __________________ | ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ _________________________ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ИСПОРАЧА - ТЕЛ | НАЗИВ | | КУПУВАЧ | НАЗИВ/ИМЕ | |
| | АДРЕСА / СЕДИШТЕ | | | АДРЕСА/ СЕДИШТЕ | |
| РИБОЛОВНА ВОДА | | | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ТРАНСПОРТ | | |
| БРОЈ НА РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА РЕПРОЦЕНТАР ИЛИ ДОЗВОЛА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОРИБИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ | | | РЕГИСТЕРСКА ОЗНАКА НА ПРЕВОЗНОТО СРЕДСТВО | | |
| ЕДБ | | | КРАЈНА ДЕСТИНАЦИЈА НА ПОРИБИТЕЛНИОТ МАТЕРИЈАЛ (РИБОЛОВНА ВОДА/РИБНИК) | | |
| | | | УТОВАР | ДАТА | |
| | | | | МЕСТО | |

| ВИД | ВКУПНА ТЕЖИНА (КГ.) | ПРОСЕЧНА ТЕЖИНА НА ЕДИНКА | ПРОСЕЧНА ГОЛЕМИНА НА ЕДИНКА | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА (КГ.) | ВКУПНА ЦЕНА |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| ПОТПИС НА ИСПОРАЧАТЕЛ | ПОТПИС НА ЛИЦЕТО КОЕ ВРШИ ТРАНСПОРТ | ПОТПИС НА КУПУВАЧ |
|---|---|---|
| ________________________ | ________________________ | ________________________ |
| МП | | МП |